ДС СМИТХ
-АД- Скопје
Бр. 03-1/4430
26.08. 2019 год.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА "ДС СМИТХ АД СКОПЈЕ" ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ – ЈУНИ 2019 ГОДИНА

Во периодот од 01.01 до 30.06.2019 година ДС Смитх АД Скопје оствари позитивен финансиски резултат од 4.405 илјади денари.

Во првото полугодие од тековната година остварени се вкупни приходи од продажба 402,540 илјади денари, кој во однос на 2018 е зголемен за 21%. Зголемувањето е резултат на минатогодишните инвестициони вложувања и зголемени капацитети, како и 18% зголемен извоз, односно 21% на домашен пазар.

Друштвото оствари оперативни приходи по основ на наплата на отпишани побарувања од купувачите.

Вкупните оперативни расходи изнесуваат 418,227 илјади денари, кои во однос на 2018 се зголемени за 16%. Зголемување на расходите гледано по сегменти е:

- Зголемени трошоци на суровините и материјалите, согласно зголемена продажба
- Зголемени дистрибутивни трошоци
- Зголемени трошоци за енергија поради зголемено производство
- Поголема амортизација поради зголемување на вредноста на основните средства (инвестицијата од минатата година)

Во однос на претходната година ДС Смитх АД Скопје нема промена во сметководствените политики и методите на вреднување на ставките во финансиските извештаи.

Промени во кредитната задолженост на Друштвото споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи нема, освен во зголемување на неплатените краткорочни обврски кон поврзани страни.

ДС СМИТХ АД СКОПЈЕ

Друштво за производство на хартија и амбалажа
ДС СМИТХ
-АД- Скопје